**ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефон/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 31-2191/2
02.12.2022 год.
ОБЛЕШЕВО

До
Кристијан Панев
Ул.Кежовица бр.20 – Штип
panev_kristijan@hotmail.com

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер Ви го доставуваме следниот одговор:

-Во општина Чешиново-Облешево сеуште не е формиран Локален младински совет
-Не е спроведен повик за членови на ЛМС
-Не е формирана канцеларија за млади во рамки на општината
- Службеник за млади во општина Чешиново-Облешево.
Во прилог Решение за негово именување.

Со почит,

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изработил:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 09-782/1
23.04. 2021 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 23, став 1 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на Република Северна Македонија бр.10/2020), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево на ден 23.04.2021 година го донесе следното:

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. ___ 20 __ год.
ОБЛЕШЕВО

# РЕШЕНИЕ
## За именување на службеник за млади во општина Чешиново-Облешево

Член 1

За службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, за спроведување и следење на прашања од интерес на младите во општина Чешиново-Облешево се именува **Жарко Спасов** – Соработник - Комунален инспектор.

Член 2

Службеникот за млади од член 1 на ова Решение ќе ги извршува следните работни задачи и обврски:

-развивива, планира и следи активности поврзани со младите и младинските политики

-дава поддршка во работата на општина Чешиново-Облешево, на локалниот младински совет на општина Чешиново-Облешево, на неговите членови во спроведување на програмите и транспарентност во работењето

-оддржува комуникација и редовно соработува со младинските форми на здружување на младите

-ги следи потребите на малдите преку обезбедување на истражувања за потребите на општина Чешиново-Облешево, врши консултации со млади и следи и информира за анализи и истражувања за трендовите кај младите

-обезбедува информации и информирање на младите

-води база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на истражувачкиот центар на агенцијата за млади и спорт

-има редовна комуникација со Агенцијата за малди и спорт

-е во постојан контакт за сите младински прашања во општина Чешиново-Облешево, кон младите и јавноста

-е одговорен за работа на канцеларијата за млади.

Член 3

Службеникот за млади од член 1 на ова Решение изготвува Годишни извештаи за работа на општина Чешиново-Облешево во делокругот на млади и ги поднесува до Агенцијата за млади и спорт и ги објавува на веб страната на општина Чешиново-Облешево.

Член 4

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Горанчо Крстев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Доставено до: -вработениот
-Агенција за млади и спорт
-архива